# ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА

## НА ПАТ КОН ЕУ!

бр. 1 /2011 март -јуни

Димитрие
Чуповски 13
1000 Скопје
Т: 023215085
info@orm.org.mk



М-р Димитар Стојановски, претседател

Почитувани работодавачи!

Чест ми е да ви се обратам преку првиот број на весникот, кој стручната служба на ОРМ го подготви и редовно ќе го праќа за да ја зголеми видливоста на организацијата и да Ве информира за важни настани и документи кои сигурно ќе влијаат на работата во вашите претпријатија.

2011 е година во која ОРМ слави седум години на постојан раст и постепено, но сигурно го завзема местото на социјален партнер кој ги застапува и брани интересите на работодавачите во економскиот и социјалниот дијалог со работниците и владините тела. Оваа наша улога е од витално значење особено во градењето на политики и реформски зафати кои имаат директно влијание врз одржливоста на бизнисот. Дали и колку социјалниот дијалог се практикува и почитува, во голема мера ќе одреди колку брзо ќе се движиме на патот кон посакуваниот економски раст и просперитет на нашата татковина.

Изминатите години на тој пат несебично нѐ поддржаа нашите пријатели од Европската Унија и Меѓународната организација на труд, со чија помош успеавме да изградиме основи за нашите денешни достигнувања.

Ве поканувам и вас да нѝ се придружите на тој пат!

ЕУ ја поддржува ОРМ на пат кон евроинтеграцијата 2
Земјоделството столб на социјалната рамнотежа во Македонија 3
Работодавачите бараат нов Закон за работни односи 3
Минимални плати за земјоделските
и преработувачките претпријатија 4
Банките формираа здружение при ОРМ 4
Пораки од амбасадорот на Република Словачка на Собранието на ОРМ 5
Зголемен интерес на работодавачите за Општиот колективен договор 5
Правни новости 6
Календар на настани 6

## ЕУ ја поддржува ОРМ на пат кон евроинтегрирањето

***На Македонија ѝ се потребни појаки и постручни социјални партнери за влезот во ЕУ***

Во процесот на интегрирање на Македонија во ЕУ една од клучните точки во преговорите и по влегувањето во ЕУ е постоењето на социјалниот дијалог во земјата, како се практикува и дали се почитува. Во земјите од ЕУ, овој дијалог има подоголготрајна историја и има суштинско место во општеството бидејќи воспоставува баланс меѓу сопствениците на капиталот и трудовата сила . Клучни за социјалниот дијалог се социјалните партнери, т.е. работодавачите и синдикатите, чиј консензус во западните општества е неопходен елемент при донесување на закони од трудово и економско законодавство. Таму нивните заеднички позиции во голем степен се земени в предвид од страна на извршната и законодавната власт.

Со цел да се приближиме до искуствата од ЕУ и поттикнати од потребата да ја зголемиме видливоста и професионалноста, имено да ѝ ја претставиме на јавноста нашата улога на социјален партнер кој ги застапува интересите на работодавачите и особено на патот кон ЕУ, Делегацијата на ЕУ во Македонија ни овозможи користење на грант за едногодишен проект, кој започна во март годинава.

Од ОРМ во текот на оваа година очекуваме преку 12-те информативни средби со претпријатијата, медиумите, синдикатите и другите претставници на граѓанскиот сектор да ја зголемиме свесноста за местото и улогата на социјалните партнери при приближувањето кон ЕУ и значителено да придонесеме кон подобрувањето на социјалниот дијалог во земјата.



Првите средби со работодавачите ги организиравме во Свети Николе и Битола, а во втората половина на годината следуваат повеќе средби во Скопје, Тетово, Прилеп, Куманово и Струмица.

## Градење на стратегија за развивање на ОРМ

Во рамки на проектот, поддржан од ЕУ, ОРМ заедно со партнерите од Регионалната агенција за развој на Сенец-Пезинок од Братиславскиот регион ќе работат на нова стратегија за подобра комуникација со јавноста и целните групи, најнапред работодавачите членки, оние кои не се членки, владините тела, синдикатите и другите граѓански здруженија.



Партнерите од Словачка на вработените во ОРМ ќе им го пренесат на работодавачите европското искуство од претпристапниот процес и после влезот во ЕУ. За стручната служба на ОРМ, соработниците од Словачка ќе одржат серија од специјализирани обуки за зајакнување на внатрешните капацитети, првата обука веќе се одржа во мај 2011. Тимот на ОРМ под водство на партнерите ќе подготват стратегија за комуникација, услуги и одржливост на организацијата.



Благодарение на овој проект, ОРМ доби нова канцелариска, техничка опрема и промотивен материјал неопходен за професионализација на ОРМ и подбрувањена видливоста на активностите и улогата на социјален партнер особено во претпристапниот процес.

# ОРМ слави седум години!

## Градењето на доверба меѓу социјалните парнери и владата е државен интерес

***Градењето на доверба, наоѓање на заеднички решенија и тоа не само формално и за ситни прашања туку за темелни, непартиски теми од народен, државен интерес се важен влог за успех***



ОРМ, единствениот признат социјален партнер кој ги застапува интересите на работодавачите во социјалниот дијалог, ја прослави седмата година од своето постоење. На свечената седница, почесен гостин беше амбасадорот на Словачка, господинот Роберт Кирнаг кој истакна дека за Словачка трудот и социјалната политика, намалување на невработеноста и социјалната инклузија се приоритетна област во која оваа земја сака посебно да ја поддржи Македонија на патот кон ЕУ. Според него, “ОРМ е еден од клучните партнери на тој пат и за да се направни напредок по овие прашања неопходна е доверба меѓу социјалните партнери и Владата, бидејќи без доверба и без комунакција нема да се постигне концензус за ваквите темелни прашања без чие решавање тешко е да се очекува значаен економски раст. “Согласно искуството во Словачка во претпристапниот и во преговарачкиот процес, градењето на доверба, наоѓање на заеднички решенија и тоа не само формално и за ситни прашања туку за темелни, непартиски теми од народен, државен инетрес се важен влог за успех. На тој пат се покажа дека бизнисот има и ѝ нуди на државата експертиза која самата таа не може да ја генерира. Затоа неопходно е да дојде до промена на перцепцијата на тоа како функционираат институциите, министрите и останатите владини тела кои треба сами да ги бараат и стимулираат овие односи со социјалните партнери и да ги внесат во политиките консензуално донесените решенија. Предмет на таков концензус без никакво сомневање е прашањето за најниската плата каде мора да се поттикне длабока дискусија и дебата, со значен удел на репрезентативните работодавачи и синдикати.



Претставникот од ЕУ делегацијата во Македонија укажа дека напредокот на земјата секоја година се пренесува во годишниот извештај заедно со препораки за унаредување на истиот. Социјалниот дијалог има посебно место во тој извештај и во тој дел за поздравување е напредокот во воспоставувањето на националниот економско-социјален совет и утврдувањето на репрезентативни синдикати и работодавачи. Сепак, постои забелешка дека надлежните институции не се доволно ангажирани во вклучувањето на социјалните партнери при градењто на закони и политики кои имаат директно влијание врз социјалната и бизнис сфера.






## Зголемен интерес на работодавачите за Општиот колективен договор

Од октомври 2008 година Општиот колективен договор (ОКД) за приватниот сектор потпишан од ОРМ и Сојузот на синдикати на Македонија се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите и вработените во приватниот сектор.
Овој документ кој ги доуредува работните односи е предмет на постојана анализа меѓу работодавачите кои укажуваат дека одредени решенија кои досега се применуваат, предизвикуваат тешкотии во примената. Пред се тоа се однесува на степените на сложеност на работните места, надоместоците поврзани со регресот за годишен одмор и новогодишниот надоместок, надоместот за времена неспособност за работа, прекувремената работа, работата ноќе и работата во денови на празници и неработни денови. Со цел да ги усогласат своите ставови околу ОКД, при ОРМ се формираше работна група со 15 претставници од фирми членки од гранките: финансиски дејности и осигурување, текстилна индустрија, градежништво, трговија, производство на производи од хартија, тутунско стопанство, енергетиката, сообраќај и врски и прехрамбена индустрија. Оваа група има овластување да ги застапува интересите на работодавачите во предлагање на измени или продолжување на Општиот колективен договор за приватниот сектор.

DECENT WORK AND RIGHTS
FOR DOMESTIC WORKERS
Demanding an ILO Convention in 2011

## Јубилејна 100 та конференција на МОТ

Стотата конференција на Меѓународната организација на трудот во Женева помина во знакот на Конвенцијата за пристојна работа и права на домашните работници, која беше усвоена од мнозинството присутни работодавачи, синдикати и влади. Македонија на оваа конференција ја претставуваше делегација од претставници на трите социјални партнери, а работодавачите од ОРМ беа претставени преку претседателот Димитар Стојановски и Генералниот секретар Белинда Николовска.



## Вести од нашите членки

### *Империјал Тобако фирма на годината 2010 за безбедност и здравје при работа*



Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР) им се придружи на Меѓународната организација на труд (МОТ) и Европската агенција за заштита при работа (ЕАЗПР) во прославување на Светскиот ден за заштита при работа 28 април. На овој ден на нашата членка Империјал Тобако од стана на МЗЗПР и беше доделена наградата за фирма на годината во делот на обезбедување на безбедност и здравје при работа.





## Ново здружение при ОРМ, се потпиша деветиот колективен договор на гранка

***Банките и претпријатијата од секторот на финансиски услуги решија да формираат здружение на работодавачи при ОРМ***

Прва цел на новото здружение беше потпишување на колективен договор за доуредување на работните односи за вработените во банките со гранковиот синдикат. Овој колективен договор е задолжителен за членките во ОРМ. За претседател на новото здружение беше избрана Николина Миланова од Стопанска банка АД Скопје.



## Одредени две најниски плати за земјоделските и преработувачките претпријатија

После подолг временски период Агросиндикатот и Здружението на работодавачи од земјоделската и прехрамбената индустрија при ОРМ седнаа на преговарачка маса. Двете страни утврдија две најниски плати една за земјоделските претпријатија 7350 денари и една за прехрамбената индустрија 8600 денари, разликата се должи на развојните разлики на двете индустрии. За работниците ова значи дека не можат да добијат пониска плата од договорената, односно нивната плата ќе биде пресметана како збир од најниската плус степенот на сложеност на работното место. Колективниот договор за овие две гранки важи само за членките на ОРМ и Агросиндикатот при ССМ.

## Земјоделството столб на социјалната рамнотежа во Македонија

***Во Македонија има близу 200.000 земјоделски семејни стопанства, а земјоделскиот и преработувачкиот сектор произведуваат 28 отсто од БДП, додека обезбедуваат вработување на 17 отсто од сите вработени во приватниот сектор.***

Во мај во Скопје, се одржа конференција посветена на социјалниот дијалог со фокус на земјоделскиот и преработувачкиот сектор во земјите од Југоисточна Европа. ОРМ имаше чест да биде гостин - партнер на конференцијата, а Агросиндикатот при ССМ домаќин на организаторите.




Присутните синдикати и работодавачи отсликувајќи ја состојбата во секоја од своите земји посведочија дека општите состојби во земјоделието се далеку од задоволувачки, и дека истото се однесува и на социјалниот дијалог во овој сектор. Европскиот социјален дијалог е механизам што треба да се инсталира во земјоделската и преработувачка индустрија во земјите на Југоисточна Европа. Ангел Димитров, потпретседател на ОРМ, истакна дека земјоделството реално ја спасува социјалната состојба во државава имајќи в предвид дека аграрот и преработувачката индустрија заедно учествуваат со 28 отсто во бруто домашниот производ, и ангажираат вкупно 17 отсто од вработените во приватниот сектор. За Агро синдикатот остануваат главни прашањата за сезонските работници и решавање на регулативата, одобрување на бенефиции за пензиско и здравствено осигурување и особено правилно имплементирање на регулативата која се однесува на прекувремената работа, пред се во преработувачката индустрија . Конференцијата ја организираа Групацијата на работодавачи од земјоделско - преработувачката иднустрија од ЕУ – GEOPA COPA и Европската федерација на синдикати за храна, земјоделие и туризам EFFAT. Учесници беа работодавачите и синдикатите од пет земји Бугарија, Хрватска, Романија, Турција и Македонија.

## До подобри услуги преку обуки од Меѓународната организација на труд

***Минатите три години развојот на ОРМ покрај вложените напори на вработените и на членките се должи и на големата поддршка од страна на Меѓународната организација на трудот, преку проектот "Зајакнување на институционалните и законските Основи на социјален дијалог во земјите од Западен Балкан и Молдавија".***

Во текот на посочениот период, беа организирани семинари и обуки со кои значително се подобрија вештините за преговарање и колективно договарање особено за трговскиот сектор и текстилна индустрија. Се подигна свесноста на македонските медиуми за местото и улогата на организациите на работодавачите во социјалното партнерство и делување во Економско социјалниот совет. Персоналот на организацијата и неколку фирми членки беа професинално обучени и станаа обучувачи за примена на Законот за безбедност и здравје при работа и мирно решавање на работни спорови. Тие на над 100 компании им ги пренесоа добиените знаења. Се изработија Прирачници за проценка на професионалниот ризик и законот за безбедност и здравје при работа и беа пренесени знаења за принципите за решавање на споровите на ниво на компанија, селекција на кадар, интервју, комуникација и советување, управување со отсуство на работа и воспоставување на систем на решавање на спорови на претпријатијата.




Во јуни годинава пак фокусот го ставивме на креирањето на доплнитлена вредност за членките и збогатување на портфолиото на услуги за работодавачите.

## Работодавачите бараат нов Закон за работни односи Молика

Со поддршка на МОТ и Австриската Развојна Агенција во јули 2011, осум претставници на ОРМ и експерт по трудово право ќе ги анализираат одредбите од Законот за работни односи кои ја отежнуваат неговата примената и недоволно го стимулираат колективното преговорање. Предлозите се сублимат на прашањата и одговорите кои беа обработени и публикувани во Прирачник за Законот за работни односи изработен со поддршка од МОТ.

## Правни новости

### Сл. Весник на Р. Македонија, бр.47 од 08.04.2011

ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ. Им се овозможува на работници со договор за вработување на определено време да можат да го трансформираат работнито однос на неопределено време ако работат повеќе од две години на работно место кое е ослободено по основ на пензионирање или други основи и за кое се обезбедени финансиски средства.

ЗАКОН ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ. Со овој закон се уредуваат поттикнувањето и помагањето на технолошкиот развој во Република Македонија, програмирањето и финансирањето на дејноста и технолошката инфраструктура. Со оваа регулатива се прави и законска рамка за идни вложувања во истражувањата и развојот кои директно ја градат конкурентноста на земјата. Ќе се воспостави Комитетот за технолошки развој кој ќе подготвува Програма. Оваа програма ќе ја реализираат субјектите на технолошкиот развој, и тоа: трговски друштва, организациони форми на технолошка инфраструктура, здруженија чија дејност се заснова на иноваторство и технички унапредувања, како и физички лица што остваруваат активности во функција на технолошкиот развој. Министерството за образование и наука ќе води евиденција на субјектите на технолошкиот развој.

***За законите со европско знаменце од економско-социјалната сфера***

**Директивата 2002/14/ЕС** за информирање и консултирање на работниците и **Директивите 94/45/ЕС и 2009/38/ЕС** за Европските работнички совети ќе се транспонира согласно Националниот план за прилагодување на законодавството со европското законодавство до крајот на 2011 година.

Со ова ќе се отвори патот за формирање на работнички совети во секое македонско претпријатие кое има над 50 работници заради информирање и консултирање на вработените за економски движења кои имаат позитивен или негативен одраз на работата на претпријатијата.

## Календар на настани

**РАБОТИЛНИЦИ** поддржано од

**- Јули (3-5) 2011, Хотел Молика**
Работилница за подготовка на **Предлог за промена на Законот за работни односи**

**- Септември (22-23), 2011, Скопје**
**Градење на позиција за Минимална плата на национално ниво и Закон за работнички совети**

**ТРИБИНИ СО РАБОТОДАВАЧИ**
поддржано од ЕУ

**Местото и улогата на ОРМ на пат кон ЕУ, Закон за работни односи, Минимална плата**

-19 Септември2011 – Скопје
-21 Септември 2011 – Тетово
-13 Октомври 2011 – Прилеп
-20 Октомври 2011 – Струмица

**ОБУКА ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ЗНАЕЊА**
поддржано од ЕУ
Најдобри практики за организации на работодавачи од ЕУ во претпристапниот процес и потоа
- септември 2011 – Скопје, ОРМ

Контакт лица во ОРМ

Белинда Николовска
Генерален секретар
belinda@orm.org.mk

Анета Смит Гулева
Раководител на проекти
aneta@orm.org.mk

Светлана Ристовска – Антиќ
Координатор
svetlana@orm.org.mk

Овој документ е финансиран од ЕУ, неговата содржина е одговорност единствено на ОРМ и не може под никакви околности да се смета за одраз на ставот на Европската унија